Совет на Општина Делчево
Број 09- 1718/2
30.08.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 13.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 30.08.2022 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почесток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 13.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од Вонредна седница

- Усвојување на Записник од 11. Седница

- Усвојување на Записник од 12. Седница

1.Предлог-Одлука за верификација на мандат на член на Совет;
**Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата.

2. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Билјана Прачкоска-Секретар на Општина Делчево.

3. Предлог-Одлука за утврдување на ценовник за користење на услуги од Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Делчево кои можат да се даваат на физички и правни лица;

**Образлагач:** Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

4.Предлог-Одлука за измена на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

5.Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

**Образлагач**: По точките 4 и 5-Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

6. Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година;

**Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

7.Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година;

8.Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** По точките 7 и 8- Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

9. Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година;

10.Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2021-2022 година со Заклучок за усвојување;

11. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2022/2023 со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: По точките 9,10 и 11-Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

12. Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

13. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

14.Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

Образлагач: По точките 12,13 и 14-Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

15.Предлог-Одлука за доделување на општинската наградата 7 Септември за 2022 година;

**Образлагач**:Кирил Тренчевски-претседател на Комисијата за доделување на наградата 7 Септември за 2022 година;

16.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **викенд куќа** зграда бр.1 по барање на **Методи Стоичов**;

17.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **викенд куќа** зграда бр.1 по барање на **Кирчо Стоичов**;

18.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **гаража** зграда бр.1 по барање на **Мише Антовски**;

19.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **помошен објект** зграда бр.2 по барање на **Драган Стојковски;**

20.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **помошен објект** зграда бр.3 по барање на **Мефаил Зекировски;**

**Образлагач**:По точките од 16 до 20- Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи, сооообраќај и заштита на животна средина.

21.Предлог-Одлука за заверка на Предлог деталенурбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2.1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево;

22.Предлог-Дополнување на Програмата за изрботка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

**Образлагач:** По точките 21 и 22- Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

23. Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.

24.Шестмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница"-Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:**Марија Сумрачка, сметководител на ЈКП „Брегалница"-Делчево и Стојче Стојковски-директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.

25. Одлука за доделување на средства за котизација за претстојното натпреварување во Третата македонска фудбалска лига-Исток;

**Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

26.Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2021-2022 година со Заклучок за усвојување;

27. Годишна Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2022-2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач: Дијана Цоневска-**Вршител на должноста директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

28. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за издавање на монографија за село Драмче;

29. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Џамија Султан Фатих Мехмед II Делчево.

**Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Иван Гоцевски кој предложи дневниот ред на оваа седница да се дополни со точка на која ќе се расправа околу откупот на сината сливата и проблемите на земјоделците од Делчево во врска се нејзината цена и откупот. Тој рече дека овој предлог за дополнување го предлага од причини што Советот може да расправа и за теми кои можеби не се во неговата надлежност, како што се расправало на некои седници на Советот (загадувањето на реката и поморот на рибите во р.Брегалница). Тој истакна дека

бил на терен, разговарал со земјоделците и навистина тие имаат сериозен проблем, производителите на модра слива се незадоволни од слабиот пласман и ниската откупна цена на најзастапената овоштарска култура во делчевско. Во услови на економска и енергетска криза тие се соочуваат со егзистенцијални проблеми и смета дека Советот треба да им даде поддршка.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека предлогот ќе биде ставен на гласање ако инсистира советникот, но Советот нема надлежност да решава прашања поврзани со земјоделците. Кој би бил тој акт што ќе го донесе Советот со кој би го решиле нивниот проблем? Доколку сакате, рече тој, може на крајот на седницата да се продискутира на таа тема, но се сомневам дека сите ние имаме релеватни податоци за да дискутираме. На социјалните мрежи имаше информација дека пратеничката Соња Михаиловска од Делчево, информирала дека за производителите на модра слива преку Интервентниот фонд на Министерството за земјоделие ќе биде обезбедена парична поддршка од 2 денари. Оваа одлука ќе биде на дневен ред на седница на Владата наредната недела и се очекува производителите на сливи од делчевско парите да ги добијат до Нова Година, рече претседателот на Советот.

Кирил Тренчевски истакна дека овој предлог не мора и не треба да се стави на гласање.

Претседателот на Советот рече доколку се согласи советникот да го повлече предлогот нема да го стави на гласање.

Иван Гоцевски се согласи да го повлече предлогот за дополнување на дневниот ред.

Бидејќи немаше други предлози, расправата по дневниот ред беше затворена и дневниот ред за 13.седница беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ дневниот ред беше усвоен.

Прва точка-Предлог-Одлука за верификација на мандат на член на Совет;

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата кој истакна дека бидејќи советничката Сања Николовска си поднела оставка на функцијата, на двете претходни седници Советот работел без еден член на Советот. На барање на претседателот на Советот, од страна на Општинската изборна комисија е доставено известување и Уверение дека нареден член од политичката партија Левица, кој прифатил да биде член на Советот на Општина Делчево е Тони Стаменковски. За таа цел непосредно пред одржувањето на седницата била одржана седница на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувања, на која биле разгледани сите документи и од страна на комисијата е констатирано дека Советот на општина Делчево треба да ја донесе Одлуката за верификација на мандатот на членот на Советот, Тони Стаменковски.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за верификација на мандат на член на Совет.

По донесувањето на одлуката беше дадена и заклетвата на новиот член на Советот на Општина Делчево.

Втора точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година;

Образлагач по оваа точка беше Билјана Прачкоска-Секретар на Општина Делчево која истакна дека во прилог на материјалите за оваа седница е доставен и ГПВ на Општина Делчево за 2023 година што е законска обврска на секоја институција. Истиот е изготвен врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор од кој според ставот 3 согласност на планот дава Советот на Општината. Таа истакна дека пред седницата се доставени корекции на планот. Имено, на страна 2 , во Табела 1. Планирана бројна состојба на крајот на тековната година, се прави измена во ред в) Планирани нови вработувања во тековната година,  и тоа бројот 12 се менува во бројот 11 (поради направена техничка грешка) , во распределбата според националности во истиот ред бројот 11 кај македонци се менува во 10.

Следствено на претходно споменатата промена се врши промена и во ред г) Планирана бројна состојба, на истата страница , и тоа бројот 76 се менува во 75 а поради промената на балансерот за распределба на вработените по националности , даден на интернет страната на МИОА, во истиот ред се врши промена и на распределбата по националности, така да бројката 1 кај други националности се менува во 0.

Поради напред наведената измена се прави измена и во Табела бр.8 на страна 11, во редот а) Стартна позиција за годината на која се однесува планот, бидејќи на тоа место се препишуваат податоците од Табела1.ред г) Планирана бројна состојба, на страна бр.2

Сите непополнети работни места во Правилникот за систематизација се предвидени во Табелата за нови вработувања и за сите нив се предвидува буџет, односно средства за плата за наредната година, што не значи дека ќе бидат пополнети. Тоа е само план кој не мора да се реализира. Имавте доволно време, материјалите беа доставени навреме, доколку имате прашања, повелете, рече Б.Прачкоска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Марио Скакарски кој го истакна ставот на советничката група на СДСМ и коалицијата во врска со Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2023 година. Имено, тој рече дека во состојба на економска и енергетска криза, во состојба на секојдневно покачување на цените и имајќи ја предвид финансиската состојба на Општината и задолженоста, планираните 17 нови вработувања се многу и ставот на советничката група е дека таа бројка треба да се намали. Советничката група на СДСМ и коалицијата имаат забелешки кои, како што рече тој, ќе бидат презентирани од негова страна, редоследно како што се дадени во планот во Табелата – Планирани нови вработувања во 2023 година. Забелешките се следни:

-„Работно место под реден број 1-Виш референт-благајник, сметаме дека треба да остане бидејќи има потреба од ова работно место;

- Работно место под реден број 2-Раководител на Одделение на Оделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината-сметаме дека не треба да остане бидејќи нема потреба, а се предвидува голема сума на финансиски средства за плата;

- Работно место под реден број 3-Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на ЖС, ком.дејности и сообраќај, сметаме дека треба ода остане со оглед на тоа дека заштитата на животната редина, комуналните дејности и сообраќајот се важни области на кои во иднина општината треба да посвети поголемо внимание;

- Работно место под реден број 4-Советник за заштита на животна средина, сметаме дека треба да остане од истите причини како за претходното место;

- Работно место под реден број 5-Самостоен референт за сообраќај, патишта и комунални работи, , сметаме дека треба да остане од истите причини како за претходните 2 места;

- Работно место под реден број 6, Раководител на Одделение за ЛЕР, превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување, сметаме дека не треба да остане, нема реална потреба;

- Работно место под реден број 7, Советник за планирање на ЛЕР, сметаме дека не треба да остане, нема реална потреба;

- Работно место под реден број 8, Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, сметаме дека не треба да остане, нема потреба;

- Работно место под реден број 9, референт-доставувач, сметаме дека треба да остане, има реална потреба од доставувач;

- Работно место под реден број 10, помлад референт за односи со ромската заедница, сметаме дека треба да остане, Ромската заедница во Делчево заслужува да има вработен во Општината;

- Работно место под реден број 11, Возач, сметаме дека треба да остане, има потреба од тоа работно место;

- Работно место под реден број 12, Раководител на Одделение за инспекциски надзор, сметаме дека не треба;

-Работно место под реден број 13, Советник-овластен инспектор за комунални работи и домување, нема потреба;

- Работно место под реден број 14, Референт-комунален редар, сметаме дека треба да остане, има потреба од тоа работно место;

- Работно место под реден број 15, Раководител на Одделение за човечки ресурси, сметаме дека нема потреба;

-Работно место под реден број 16, Раководител на Одделение за внатрешна ревизија, сметаме дека не треба, и

- Работно место под реден број 17, Командир на ТППЕ, сметаме дека е потребно и треба да остане во планот“. Значи, работните места под реден број 1,3, 4, 5, 9, 10, 11, 14, 16 и 17 да останат како нови вработувања, а работните места под реден број 2,6, 7, 8, 12, 13 и 15 да бидат избришани. Тоа се нашите забелешки и бараме нашиот предлог со забелешките да се стави на гласање, истакна Марио Скакарски.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека се согласува со предлогот на М. Скакарски и праша зошто го нема видот на образованието во Годишниот план за вработување?

Секретарот на Општина Делчево, Билјана Прачкоска истакна дека Годишниот план за вработување е образец изготвен согласно Методологијата за планирањето на вработувањата во јавниот сектор. Со оваа методологија се пропишува планирањето на вработувањата во јавниот сектор, како и формата, содржината и образецот на образецот на годишниот план. Образованието се предвидува со Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи, рече таа.

Иван Гоцевски рече дека моментално општинската администрација е комплетно нефункционална речиси во сите сектори и одделенија. Во време на економска и енергетска криза и секојдневен раст на цените, апсурд е да се планираат 17 нови вработувања на една општина како Делчево, задолжена и со обемна, а нефункционална општинска администрација. Треба да се обрне внимание на функционалноста на постојната администрација, а не само да се трупаат кадри само за плата. Некои од работните места се дуплираат (возач, советник за ЛЕР, за администрирање на даноци, доставувач). Лично сметам дека некои од нив воопшто не се потребни, работата на возач и доставувач, според мене може да ја врши 1 лице.Не сме генерално против вработувања, вработувања да има, ама на кадри кои се навистина потребни. Се планира вратотување и на лице за комунални работи и сообраќај или вработувања во инспекторатот. И сега има вработени за тие позиции, а дали имаат работа и дали испорачуваат услуга на граѓаните? Сведоци сме дека граѓаните постојано се жалат за депонијата, за собирањето на отпадот, за загадувањето на воздухот и на р.Брегалница. Факт е дека општинската администрација е нефункционална, Секторот за урбанизам не одговара на нашите советнички прашања, кабинетот на градоначалникот-исто. Со одлуки на Совет правиме пренамена на средства за плати оти не се доволни планираните, а планираме 17 нови вработувања?! Малце е нелогично, истакна тој.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека моменталната бројка е 60 вработени во Општината, се планираат нови 17 или 1/3 плус од моментално вработените. Сметам дека планот за вработувања во 2023 година е предимензиониран, можеби тоа е мое видување бидејќи доаѓам од приватен сектпор каде 1 лице врши 2-3, па и повеќе работи. Дел од излагањето на советникот Иван Гоцевски е во ред и се согласувам со него. Граѓаните не се задоволни од услугите што ги дава или треба да ги дава/испорачува општинската администрација, а обемната администрација троши 50% од вкупниот буџет за плати. На сите нам треба да ни е јасно дека сите ние сме во служба на граѓаните и сме должни да испорачуваме услуги за кои тие не плаќаат, а не општинската администрација да ги стопира и кочи барањата на граѓаните, компаниите и инвеститорите. Недозволиво е самоволието на некои од раководителите кои беа и унапредени да не си ја вршат својата работа за која се платени. Кога граѓаните и странките ќе излезат од просториите на Општина Делчево задоволни од услугата на вработените, тогаш е постигната целта, а не кога ќе вработуваме само за плата. Не може да се толерира самоволие на било кој од вработените, а претпоставените да не презимаат никакви мерки кои се предвидени и во законите. Јас знам дека тоа е план и дека не мора да значи дека сите ќе се вработат, ама поентата е да се обрне внимание на моментално вработените во општинската администрација околу давањето на услугите на граѓаните, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, Предлог на Марио Скакарски со забелешките беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“ предлогот со забелешките беше прифатен.

На гласање беше ставена и Предлог-Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Опоштина Делчево ја донесе Одлуката давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година.

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на ценовник за користење на услуги од Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Делчево кои можат да се даваат на физички и правни лица;**

Образлагач по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања, кој истакна дека последен пат ваква одлука е донесена од страна на Советот на општината во 2015 година со цени кои одговрале тогаш. Денеска цените на сите услуги и производи се покачени и од тие причини се предлага донесување на нова одлука. Значи услугите остануваат исти,се менуваат цените, односно се покачуваат за 100%. Тоа е резултат на покачувањата на се, особено на нафтата и бензините. Факт е дека ТППЕ Делчево не може и понатаму да ги дава тие услуги по цените од оваа одлука, рече Ш.Багашов.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Јасмина Ќурчиска која во име на советничката група на СДСМ и коалицијата го соопшти ставот на советницичката група и предложи во Одлуката за утврдување на ценовник за користење на услуги од Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Делчево кои можат да се даваат на физички и правни лица, делот кој се однесува на употреба на ПП возило, односно точката 2 во членот 4, да остане како што било досега, т.е да не се зголемуваат цените на услугите за 100% бидејќи во услови на економска и енергетска криза тоа ќе значи дополнително оптоварување на буџетот на граѓаните.

Шабан Багашов рече дека особено за точката 2 потребно е да се зголемат цените на услугата бидејќи во последните години цената на нафтата и бензинот е многу зголемена и тие средства се само за покривање на трошоците за нафта.

Сашко Ивановски праша дали образлагачот има сознание дали некој досега ги користел услугите под точка 3 во одлуката?

Иван Гоцевски рече дека се согласува со дискусијата и предлогот на Јасмина Ќурчиска и смета дека тоа е големо зголемување кое ќе биде на товар на граѓаните.

Во врска со прашањето на С.Ивановски, Шабан Багашов истакна дека сигурно има случаи што барале такви услуги и затоа биле предложени од страна на ТППЕ уште во 2015 година.

Претседателот на Советот рече дека некои цени навистина се апсурдни и како пример го спомна:„ Обезбедувањето на спортски и културни манифестации со ПП возило и 3 пожарникари до 20 км изнесува 5.000 денари од час“. И рече дека за 90 минути ФК „Брегалница“ на пример би требало да плати 10.000 денари што навистина нема логика.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање со предлогот на Јасмина Ќурчиска- точката 2 во членот 4, да остане како што било досега,да нема зголемувања на цените.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на ценовник за користење на услуги од Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Делчево кои можат да се даваат на физички и правни лица.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за измена на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;**

Оваа точка ја образложи Шабан Багашов кој истакна дека оваа одлука се однесува на измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година. Тој истакна дека согласно законот вакви измени можат да се прават максимум 20% од ставката која е планирана во буџетот. Во овој случај од ставката 401120 основни плати на државни службенци во износ 2.110.800 се тргаат средствата и се ставаат на 421110 електрична енергија 530.800, на 427110 привремени вработувања 495.000, за електрична енергија 926.000 и во програмата W0 Против пожарна заштита, 565.800 за плати и 276.000 за придонеси за ПИО.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој го праша образлагачот колкав е % на измената?

Шабан Багашов рече дека е помалку од максималниот 20%.

Оливера Ташевска рече дека малку е апсурдно, на претходната точка со Годишниот план за вработување беа планирани 17 нови вработувања, а сега се крати токму од буџетот за плати на државните службеници, нема логика.

Шабан Багашов рече дека од таа ставка може да се скрати и да се стави на други каде што има потреба (законот дозволува 20%, а кај нас е помалку од 20%). Се ставаат средства кај пожарникарите бидејќи дотациите што ги добива Општината за плати на ТППЕ од Министерството за одбрана не се доволни и секогаш има потреба од 150.000 до 200.000 денари.

Иван Гоцевски имаше конкретно прашање за образлагачот и праша дали Општината, Секторот за финансии размислува да ја оддели хранарината на вработените во ППЗ од платата за да не се оданочува, дали има некој друг начин на исплата?

Шабан Багашов рече дека вработените во ППЗ согласно Законот за работни односи ги следува надомест за ноќна смена и хранарина. Може да се заштеди доколку хранарината е во храна, а не во финансиски средства, односно да се распише тендер за топол оброк на пожарникарите.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

**Петта точка-Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;**

Образлагач и по оваа точка, во отсуство на А.Христова, беше Шабан Багашов кој истакна дџека согласно ребалансот на РСМ и ма измени во дотациите на буџетските корисници, односно зголемување за 10 милиони и тоа на:

-ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 1.408.000;

-на основното образовани за 3.453.000;

-на средното образование за 1.500.000 и на

-ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 3.913.000

Покрај зголемување на дотациите има измени и во делот на донациите, проектот Општествено-корисна работа за 100.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали општината има можност и надлежност да реагира во распределбата на дотациите бидејќи, според него, нелогично е библиотеката и градинката да добиваат повеќе средства од дотациите од училиштата и гимназијата. Дали може да се реагира да се измени тоа, праша тој?

Шабан Багашов рече дека распределбата на дотациите е уредено со уредби за Методологија за распределба, посебно за детски градинки, за основно и средно образование и за библиотеката и нов ги донесува Владата. Што се однесува до распоредот на средствата колку и за што ќе се троши, одлучуваат самите буџетски корисници, односно самите институции.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

**Шеста точка-Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која истакна дека донесувањето на ГПВ за 2023 е законска обврска на секоја институција. Согласно ГПВ на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023, вкупно вработени се 9 и тие се Македонци, планирани движења на кадарот во 2023-нема, планирано испразнување преку објавување трансфер листа-нема, планирани пензионирања-нема и планирани вработувања во следната година-6. На крајот е балансерот испечатен од страната на МИОА на РСМ. Ако има прашања, повелете, рече Б.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Бојана Гоцевска која рече дека советниците од коалицијата и СДСМ сметаат дека во услови на енергетска и економска криза, како и секојдневно покачување на цените и растот на трошоците, дека нема потреба од сите од предвидените 6 нови вработувања во библиотеката. Според тоа работното место под реден број 1-библиотекар за англиска литература, сметаат оти треба да остане, работното есто 2-библиотекарски помошник-примоиздавање и библиотечни услуги, нема потреба, има доволно вработени, работно место под реден број 3- библиотекарски помошник-примоиздавање и библиотечни услуги од областа на сточарството о земјоделито, нема потреба, 4-самостоен библиотекарски помошник во клон с.Разловци-има потреба, да остане во ГПВ, работно место-домаќин, сметаат дека не е итно и 6-хаус мајстор, сметаат дека треба да остане има потреба од такво место.

Оливера Ташевска рече дека би било добро библиотекарскиот помошник во клон с.Разловци, да биде од самото село .

Тони Стаменковски праша дали лицето што би требало да биде примено на работното место под реден број 1 има е компетентно односно треба да има соодветно стручно образование?

Иван Гоцевски праша дали во библиотеката има англиска литература и колку на број и која е разликата дали библиотекарот го познава англискиот јазик или не?

Второто прашање е дали ЈЛБ „Илинден“ има ингеренции да свикува трибини на кои ќе земат учество земјоделците од општината за да се промовира или на некој начин доближи литературата која ја има библиотеката од областа на земјоделието и сточарството која можеби би им била од корист?

Билјана Петровска-директор на ЈЛБ „Илинден„ рече дека во библиотеката има голем број литература на англиски јазик и дека се јавува потреба понекогаш библиотекарот да го познава англискиот јазик. Што се однесува до свикувањето на трибини, таа рече дека библиотеката работи согласно Годишна програма, во просториите се одржуваат разни промоции на книги од различни области и не е спорно да се организира и една трибина за земјоделците.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојуавње на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година;

**Седма точка-Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој истакна дека согласно ГПВ за 2023 моменталната бројка на вработени е 22, планирани нови вработувања во 2023 година -2 чувари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сунчица Ѓорѓиева која рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата сметаат дека 1 вработување би било доволно во 2023 година.

Директорот истакна дека тие 2 места се планираат со годишните планови години наназад, но училиштето не добива согласност од Министерството за образование и Министерството за финансии. Овие 2 вработувања се планирани и оваа година од причини што согласно Правилникот за систематизација се непополнети.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање со предлогот од Сунчица Ѓорѓиева.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Осма точка-Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 со Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево која рече дека накусо ќе даде осврт на Годишната програма бидејќи истата е многу обемна. За потребите на Советот има доставено во прилог на материјалите скратена верзија. На почетокот се општите податоци за училиштето, потоа податоци за условите за работа, за вработените, бројот на учениците, мисијата и визијата, приоритетите и целите, воннаставните активности, вонучилишните активности, натпреварите на учениците и податоци за освоени места и награди. Посебен акцент е ставено на унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција. На ктрајот се дадени и прилозите кон оваа програма (вкупно 30). Истата програма се изготвува врз основа на терк/образец. Имате доста податоци, сите се прикажани табеларно и со прегледи, ако имате дополнителни прашања, повелете, рече Г.Димитровски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја пофали годишната програма на ООУ „Св.Климент Охридски“ и рече дека ова личи на програма и сите програми треба да изгледаат така. Исто така многу сум задоволен од работата на училиштето и на директорот. Кога нешто е добро, треба да се пофали, кога не е добро, треба да се критикува, рече Иван Гоцевски.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023.

Деветта точка-Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

Точката ја образложи директорот на ООУ „Ванчо Прке, Горан Велков.

Тој истакна дека согласно ГПВ за 2023 година, моменталната состојба на вработени е 16, се планира 1 пензионирање и во текот на 2023 година се планираат 3 вработувања (економ и 2 хигеничари). Ако има прашања, повелете, истакна Г.Велков.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Дејан Георгиевски кој рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата ќе ја поддржи оваа точка со тоа што предлага за вработување во 2023 година да се вработат 1 економ и 1 хигиеничар (наместо 2).

Директорот на ООУ „Ванчо Прке“ реагираше рече дека работните места за вработување на 2 хигиеничари се по основ на пензионирања и тие веќе се се вработени во Габрово и Ѕвегор.

Претседателот на Советот Гоце Попов рече дека тоа што го кажува директорот и она што го пишува во планот не одговара. Во планот на страна 7 во табелата за нови вработувања во 2023 година стои 3 (1 економ и 2 хигеничари), а дали се тие веќе

вработени, Советот не знае дали се вработени во 2022 или ќе се вработуваат во 2023. Ние дискутираме врз основа на она што Вие како директор сте го напишале во планот кој е потпишан од Вас лично, рече тој.

Дејан Георгиевски рече дека ако се вработени во 2022 тогаш не треба да ги има како планирани нови вработувања во 2023 година и предложи претседателот на Советот да го стави на гласање неговиот предлог-2 вработувања, 1 економ и 1 хигиеничар.

Директорот на ООУ „Ванчо Прке“ повтори дека 2 хигеничари веќе се вработени, за нив имало и огласи и добиена согласност и дека тој, без разлика на одлуката на Советот, ќе ги вработи?!

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата со предлогот на Дејан Георгиевски- во плант да останат 2 вработувања, 1 економ и 1 хигиеничар, беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година.

Десетта точка-Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2021-2022 година со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи Маријана Стоименовска-помошник директор на ООУ „В.Прке“-Делчево која рече дека извештајот е документ кој во себе ги содржи сите информации за оценка и работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа за 21/22 година.На почетокот се дадени информации за бројот на ученици-493 во 38 паралелки, како и податоци за националната и половата припадност. Во смисла на подобрување на условите за работа во училиштето реновирани се пристапни патеки на сите влезови и извршено е хортикултурно уредување на училишниот двор и се поставени безбедносни камери во училишните ходници. Средниот успех на учениците на ниво на училиште од 4 до 9 одделение е 4,21. Во извештајот има и споредбени податоци за успехот со претходни години, а исто така и по предмети. Изостаноците се 25,71 оправдани по ученик и 6,53 неоправдани по ученик. На крајот беше истакнато и задоволството од соработката на училиштето со локалната заедница.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ –нема и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2021-2022 година.

Единаесетта точка-Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2022/2023 со Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Маријана Стоименовска-помошник иректор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која рече дека како и секоја година така и оваа учебна година училиштето има законска обврска да изготви програма која се прави врз основа на образец и истата е многу обемна со многу податоци. Истата е краткорочен развоен

документ изработен врз основа на согледани недостатоци од спроведената самоевалуација во 2021/2022 година. Истата во себе ги содржи следните податоци: општи податоци за училиштето, податоци за условите за работа, за вработените, бројот на учениците, мисијата и визијата, приоритетите и целите, вонннаставните активности, вонучилишните активности, натпреварите на учениците и податоци за освоени места и награди. На крајот таа го истакна задоволството од образовните асисенти и рече доколку имаат советниците прашања, таа ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ –нема и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2021-2022 година.

**Дванаесетта точка- Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека согласно овој ГПВ моментално вработени во детската градинка се 13, планирани движења на кадарот-нема, планирано испразнување на работни места преку трансфер-нема, планирано е едно испразнување по основ на пензионирање (хигеничар), планирани се 5 нови вработувања. Таа истакна дека во материјалот што е доставен до советниците, стои бројот 4 и тоа е техничка грешка, треба да стои бројот 5, а работното место е хигеничар.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали во детската градинка во с.разловци се планираат нови вработувања или ќе започне со работа со стариот кадар?

Директорката одговори дека во детската градинка во с.Разловци ќе бидат досегашните вработени, не се планираат нови.

Сашко Ивановски праша дали се точни информациите дека ќе биде затворена градинката во с.Разловци бидејќи нема интерес од страна на родителите на децата?

Директорката рече дека од страна на градинката се пуштени пријави за упис, дали ќе има интерес, ќе видиме, рече таа. Од ланската година има родители кои не ги платиле сметките за престој на нивните деца. Ако има барем 5 деца, градинката ќе работи. Ланската година имало само 3 и таа упати апел и молба до сите советници да разговараат со родителите да ги пуштаат нивните деца во градинка бидејќи така е најдобро за децата. Во оваа ситуација не треба да има место за политика и препукувања, најважно е децата да бидат во градинка. Има отпор кај родителите, не знам од кои причини рече таа и ги замоли советниците да лобираат за што поголем број на деца да се запишаат во детската градинка.

Иван Гоцевски рече дека можеби треба да се размисли да се обезбедат средства за плаќање на престојот на тие дечиња и така се малку, можеби една од причините за

слабиот интерес е и тоа-финансиската состојба на родителите. Во секоја случај треба да се размисли и да се помогне од страна на Општината или Советот, рече тој.

Оливера Ташевска рече дека градинката во с.Разловци е единствена градинка во регионот во рурална средина и затоа треба да работи, треба да се влијае на родителите да ги запишаат децата, но исто така ја истакна потребата и од тоа Општината и Советот да помогнат во обезбедување на средства за престојот на дечињата.

Претседателот на Советот рече дека има начин да се помогне, треба да се разгледаат сите аспекти и да се изнајде решение.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата со корекцијата на техничката грешка, беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“-нема и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2023 година.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Во врска со оваа одлука директорката истакна дека поради тоа што на листа на чекање има 130 дечиња, поднела барање до основачот (Советот) да даде согласност за формирање на групи со поголем број на деца од законски утврдениот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече и оваа година се донесува одлука за утврдување на работното време на детската градинка и тоа за сите 3 објекти и тоа:

-За објект бр.1 , кој се наоѓа на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

-За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

-За објект бр.3, во с. Разловци во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот,часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој ја праша директорката дали се почитува тоа работно време бидејќи до него имало реакции од блиски роднини и пријатели дека не се почитува?

Директорката рече дека има реакции и има такви случаи, но станува збор за поединци. Кога има такви случаи секој треба да пријави кај директорката и таа ќе преземе мерки. Токму од овие причини во одлуката е додадено дека прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за доделување на општинската наградата 7 Септември за 2022 година;**

Образлагач по оваа точка беше Кирил Тренчевски-претседател на Комисијата за доделување на наградата 7 Септември за 2022 година кој истакна дека оваа година општинската награда 7 Септември се доделува на на следните кандидати: БРЕГАЛ ДОО Делчево за особени постигнувања од областа на стопанството и како општествено одговорна компанија и Лоренцо Трајановски од Делчево за афирмација на општината во Република Северна Македонија и светот. Општинската награда 7 Септември за правното лице се состои од плакета, а за физчкото лице се состои од парична награда во износ од 20.000,оо денари и плакета.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека како член на Комисијата за доделување награди смета дека наградата за БРЕГАЛ ДОО Делчево е заслужена бидејќи навистина многу пати досега се докажала како општествено одговорна компанија и акко добар пример за останатите компании. Мислам дека кај Лоренво трајановски има малку судир на интереси бидејќи е вработен во ТППЕ, а добива општинска награда. Исто така, истакна тој, сметам дека оваа награда како минуваат годините е деградирана, тоа не е ништо лично против било кои досегашни добитници, но сметам дека е потребно да се направат некои промени, во условите и критериумите бидејќи Делчево има многу луѓе од различни профили кои заслужуваат да бидат добитници на оваа награда, рече И.Гоцевски.

Претседателот на Советот рече дека е точно дека Делчево има истракната поединци во разни области кои заслужуваат да добијат награда. Факт е дека нема интерес за добивање на оваа награда. Можеби треба да се размисли да се смени делот во јавниот повик кој се однесува на пријавувањето. Има такви луѓе кои од скромност нема да се пријават за оваа награда, а се заслужни и имаат постигнувања како стручњаци во различни области. Исто така тој рече дека не треба да е дозволено самопријавување и пријавувања на лица кои имаат на некој начин судир на интереси.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на општинската наградата 7 Септември за 2022 година.

Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Методи Стоичов;

Во отсуство на Звонко Атанасов, оваа точка ја образложи Горан Петровски-советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека оваа одлука се однесува на проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-203 од 29.06.2018 година, од страна на Методи Стоичов ул.„Плачковица“ бр.73 - Делчево за бесправно изграден објект, Објект викенд куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 3147/2 КО Делчево запишана во имотен лист бр.11793 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . Викенд куќата се наоѓа на земјиште во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Методи Стоичов.

Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Кирчо Стоичов;

И оваа точка ја образложи Горан петровски кој рече дека се однесува на поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-202 од 29.06.2018 година, од страна на Кирчо Стоичов ул.„Бул. Македонија бр.12-20“ - Делчево за бесправно изграден објект, Објект викенд куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 3114 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 9590 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . Објектот се наоѓа на земјиште во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Кирчо Стоичов.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект гаража зграда бр.1 по барање на Мише Антовски;**

Во врска со оваа точка Г.Петровски истакна дека објектот се наоѓа на земјиште во сопственост на РСМ.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект гаража зграда бр.1 по барање на Мише Антовски.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Драган Стојковски;**

Г.Петровски ја образложи точката и рече дека беспрано изградениот објект се наоѓа во Ѕвегор, станува збор за помошен објект кој се наоѓа на државно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Драган Стојковски.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект помошен објект зграда бр.3 по барање на Мефаил Зекировски;**

Г.Петровски ја образложи точката и рече дека беспрано изградениот објект се наоѓа во КО Делчево,с.Тработивиште, станува збор за помошен објект зграда број 3 кој се наоѓа на државно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект објект помошен објект зграда бр.3 по барање на Мефаил Зекировски.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за заверка на Предлог детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2.1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево плански**

**период 2015-2020 со површина од 3,035 ха донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево;**

Оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека со оваа одлука се заверува Предлог детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2.1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево плански период 2015-3020 со површина од 3,035 ха донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево на Советот на Општина Делчево. Со неа се овластува Преседателот на Советот на Општина Делчево да го потпише Урбанистичкиот план опишан во член 1 од оваа одлука. Овој план е донесен од страна на претходниот состав на Советот, но поради тоа што имало повеќе технички грешки и забелешки, биле правени корекции и се одолжила постапката при што во межувреме се избрал нов состав и нов претседател на Советот на Општина Делчево и има потреба од донесување на оваа одлука, рече Г.Петровски. Тој ги запозна советниците дека ваква одлука е донесувана и за планот за Граничен премин (кој бил донесен во време на мандатот на еден состав на Советот, а потоа потпишан од друг претседател на Советот на Општина Делчево).

Претседателот отвори расправа и се јави за збор истакнувајќи дека му е позната ситуацијата со овој детален урбанистички план, како и долгите постапки за нивно донесување. Она што спред него не е во ред, е тоа што таму со овој план се предвидува изградба на капацитети за „тешка" индустрија, нешто што би било штета за здравјето на сите граѓани, капацитети кои би го загадувале воздухот и животната средина. Таква маркица (со таа намена) во ДУП е реткост, но има некоја можност да се промени тоа со интервенција во Генералниот урбанистички план. Како Совет не треба да дозволиме да го загрозиме здравјето на граѓаните на било кој начин, рече тој. Доколку Општината има било какви финансиски последици, на наредна седница повторно ќе ја ставиме оваа одлука на дневен ред и ќе ја донесеме, а ќе п

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево **не ја донесе** Одлуката за заверка на Предлог детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2.1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха донесен со Одлука бр.09-170/1 од 29.01.2021 година на Советот на Општина Делчево.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Дополнување на Програмата за изрботка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година**;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека по поднесени иницијативи за урбанизација од заинтересирани странки, се јавува потреба од дополнување на Програмата за изрботка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година со две точки и тоа:

– точка 24 , која гласи:„ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО".

Овој локалитет ги опфаќа следниве катастарски парцели: ДЕЛ од КП бр. 241, КП бр.242, КП бр.243, КП бр.246/2, КП бр.952,КП бр.254, КП бр.257, КП бр.267, КП бр.5022/1 и КП бр.244, КП бр.245, КП бр.255, КП бр.256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО.

-точка 25, која гласи: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани.

Овој локалитет ги опфаќа следниве катастарски парцели: КП бр.1827, КП бр. 1829, КП бр.3177/2, КП бр. 3177/1 и КП бр.3177/3, КО Ѕвегор вон град Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на општина Делчево донесе Дополнување на Програмата за изрботка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година.

**Дваесет и трета точка-Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој истакна дека согласно ГПВ за 2023 година моменталната бројка на вработени е 82, од кои 76 Македонци, 5 Роми и 1 Турчин.Планирани движења на кадарот нема, најавени пензионирања 2, планирани нови вработувања 5 кои се пренесени од ланската годона бидејќи не се реализирани и 4 по основ на пензионирања, вкупно 9. На крајот се наоѓа балансерот. Во систематизацијата има предвидено 114 нови работни места кои не с еполнети, за 2023 година планираме само тоа што е неопходно, истакна директорот.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали во сегашниот план во делот на нови вработувања има работни места кои , како што рекол директорот, се неопходни и праша дали работното место под реден број 7-метал е неопходно, бидејќи има машина за метење?

Директорот рече дека работните места под број 1 и 2 водоинсталатери се неопходни работни места, а што се однесува до работното место број 7-метач и тоа е неопходно бидејќи има машина за метење ама таа нема пристап секаде каде што има метачот. Едно време биле 5 метачи, а сега е само 1. Реално има потреба од метач. Се зависи од финансиската ситуација на ЈКП „Брегалница“, ќе вработуваме само ако е неопходно и ако има услови, рече директорот.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 4 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево гп донесе Заклучокот за усвојување на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година.

**Дваесет и четврта точка-Шестмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево која истакна дека овој извештај е периодичен и се однесува за вториот квартал од работењето на ентитетот, а е изработен согласно меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во РСМ. Извештајот во себе содржи 3

дела и тоа: Извештај за остварени приходи/расходи; Извештај за процент на наплата заклучно 13.07.2022, со посебен осврт на вкупните обврски на ентитетот заклучно со 30.06.2022 и Извештај за паричните текови и еквиваленти. Споредбената анлиза на приходната и расходната страна на ЈКП за првите 6 месеци покажува негативен финансиски резултат од -642.518 денари. ЈКП ги зголемило вкупните приходите за 666.045 во однос на вкупните приходи 2021 година, но се зголемени и вкупните врасходи за 1.867.491 денари.
Приходите генерално се зголемени од гробна такса, од одржување на паркови и зеленило, од камати. Што се однесува до расходите тие се зголемени на конто 400-потрошени материјали и суровини 719.942 во 2022 наспроти 525.481 во 2021, на конто 402 за електрична енергија 1.770.717 во 2022 наспроти 1.594.759 во 2021, на конто 419-останати услуги 1. 911.855 наспроти 1.621.856 во 2021, на конто 420-бруто плата во 2022 15.462.869 наспроти 13.527.824. Зголемени се расходите и на контото за амортизација 432 за околу 350.000 во однос на 2021 и на контото 469 останати расходи од работењето за 60.000 повеќе од 2021.

Амортизацијата на средствата е пресметана во согласност со сметководствената политика на друштвото која се признава и вреднува со примена на праволиниската метода со примена на годишни амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и тоа за.згради 2,5%, за моторни возила 25%, компјутери 25% и мебел и опрема 10-25%.

Вториот дел на извештајот се однесува на процентот на наплата. Од Резимето се гледа дека ненаплатените побарувања кои се фактурирани заклучно со 13.07.2022 година, изнесуваат: за правни лица фактурирани се 3.767.269 а се наплатени 2.629.801 или 70%, за домаќинства фактурирани се 15.579.251, а се наплатени 11.542.876 или 74% и од Градски пазар фактурирани се 536.923, а се наплатени 400.747 или 75%. За зголемување на паричните текови да се преземат мерки за зголемување на процентот на наплата континуирано и да се наплатат сите доспеани и ненаплатени побарувања во законски рок.

Третиот дел е обврски на ентитетот и тие бележат пораст за околу 5 милиони денари, во 2021 биле 59.886.401, а сега се 64.458.272. За намалување на обврските се препорачува зголемување на % на наплатата, строга контрола на трошоците (особено на непродуктивните). Доколку имате дополнителни прашања, повелете, рече М.Сумрачка.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека оваа лето често поради дефект на водоводната линија имало проблем со водоснабдувањето (4 дена немало вода) и предложи ЈКП „Брегалница“ да ги има набавено потребните резерви делови за да не се случува тоа во иднина.

Реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека не е точно оти 4 дена немало вода, туку 24 часа за што имало објавно и Соопштение на социјалните мрежи и порталот delcevo365 дека станува збор за поголем дефект.

Тони Стаменковски го праша директорот кои се плановите на него како директор и неговиот тим за намалување на загубата на претпријатието која е со тенденција на раст?

Директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево рече дека во вториот дел на Заклучокот кој е наведен во самиот Извештај со се плановите на претпријатието за надминувањето на негативниот финансиски резултат.

Сунчица Ѓорѓиева предложи во перспектива ЈКП „Брегалница“ да размисли за поставување на фотоволтаици.

Иван Гоцевски го праша директорот конкретно-која менаџерска рутина ќе ја примени за надминување на негативниот финансиски резултат (дали ќе се зголеми цената на водата) и дека воопшто не е популарно во состојба на негативен финансиски резултат да се планираат нови вработувања?

Директорот рече дека во рамките на Проектот за водоснабдување е предвидено и поставување на фотоволтаици.Во врска со предлогот за предвремена набавка на резервни делови, директорот рече дека не е баш така како што изгледа. За тоа се распишува јавна набавка, економскиот оператор ја добива набавката по тендерска цена на услугите и производите, сите знаете дека секојдневно се покачуваат цените, не му се исплатува да набавува некој дел по цената по која го добил тендерот.Инаку соработуваме со соседните јавни претпријатија и си правиме услуги едни на други, рече тој.

Претседателот на Советот ги замоли сите советници да дискутираат конкретно по точката на дневен ред, а не да бегаат од темата. Директорот на ЈКП „Брегалница“ најмалку од сите нас сака да има дефект на водоводот и градот да нема вода, ама се случува, се случувало и порано, ќе се случува и во иднина. Негативниот финансиски резултат не е само кај нас.Така е речиси во сите јавни претпријатија и таму каде власт е ВМРО ДПМНЕ. Не е коректно постојано да се прашува-што ќе преземе директорот за надминување на таа состојба. Што ќе преземе, па најлесното решение-како директорите на јавните претпријатија и градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ-да бараат помош од Владата. Во услови на секојдневно покачување на цените на сите услуги и производи, можеби и покачувањето на цената на водата е решение. Зар да се остави ЈП да пропадне, а луѓето да останат без работа? Тоа не е решение, рече претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Шестмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

<u>**Дваесет и петта точка-Одлука за доделување на средства за котизација за претстојното натпреварување во Третата македонска фудбалска лига-Исток;**</u>

Образлагач по оваа точка Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече од страна на ФК „Брегалница“ е доставено барање до Советот во кое информираат дека ќе се натпреваруваат со екипа составена од домашни играчи во претстојната натпреварувачка сезона на Третата македонска лига –Исток. Тој рече дека со Буџетот на Општина Делчево за 2022 година биле превидени 2 милиони денари, но јавниот повик на кој требало д ааплицираат спортските клубови и здруженија на граѓани, оваа година не бил распишан од страна на Општина Делчево и клубот нема потребни средства за старт на натпреварувачката сезона. За таа цел бараат средства во рамките на можностите кои ќе бидат наменети за котизација-110.000, регистрација и

пререгистрација на играчи 30.000, превоз, лекарски прегледи и други трошоци 60.000 за претстојнота натпреварувачка сезона на клубот во Третата фудбалска лига- Исток. Вкупно некаде околку 200.000 денари стартен трошок.За таа цел тој предложи Советот да ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Бојана Гоцевска-претседател на Комисијата за спорт која рече дека би било штета најстариот и најрепрезентативниот спортски (фудбалски) клуб од Делчево да не ја започне натпреварувачката сезона поради недостиг на средства и дава поддршка на оваа одлука.

Иван Гоцевски рече дека иако можеби изгледаат мнгу 200.000 денари се малку за еден фудбалски клуб, прашање е дали и тие средства би биле доволни. Факт е дека состојбата е лоша, но радува фактот што има интерес кај луѓе ентузијасти кои се спремни за играат во дресот на ФК „Брегалница“, како и интерес на поединци и компании кои сакаат да дадат поддршка, но сметам дека кога ќе видат дека Советот и Градоначалникот даваат подрршка, на некој начин стојат зад клубот, ќе има уште поголем интерес да го помагаат клубот на разни начини.

Зекир Абдулов истакна дека не му се јасни причините зошто од страна на Општина Делчево не бил распичан Јавниот повик за спортски и НВО организации, во два-три наврати поставувал и советничко прашања на кое долго време не добил никаков одговор, за да пред извесно време, сна случајна средба во просториите на општината му бил даден устен, а покасно и писмен одговор, од кој тој лично не е задоволен. Општината треба да дава поддршка и на спортот и на невладиниот сектор.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на средства за котизација за претстојното натпреварување во Третата македонска фудбалска лига-Исток во износ 200.000 денари.

**Дваесет и шеста точка-Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2021-2022 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Роза Стаменковска помошник директор на СОУ „М.м.Брицо“ која рече дека која рече дека извештајот е изготвен врз основа на Годишната програма за претходната година во која се содржани податоци за почетокот на наставната година, за бројот на запишани ученици, за штрајкот на просветните работници, за успехот и изостаноците. Во врска изостаноците таа истакна дека се 41,32 на 1 ученик, во споредба со претходни години е помала таа бројка, но сепак е голема. Во самиот извештај има многу табеларни податоци за успехот по предмети, за освоените награди и места на натпревари, значи истиот е многу обемен и ви интерес на времето таа рече доколку советниците имаат прашања, ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ нема и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2021-2022 година.

**Дваесет и седма точка- Годишна Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2022-2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Роза Стаменковска која рече дека оваа учебна година во училиштето се запишани 383 ученика во 23 паралелки и истакна дека за оваа учебна година е карактеристично тоа што неколку ученици од стручнитењ паралеки се запишале во М.Каменица и рече дека мора да се размислува за отварање на некои нови поатрактивни стручни насоки бидејќи очигледно е дека сегашните не ги задоволуваат потребите и интересите на учениците.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој се согласи со образлагачот дека конечно треба нови струки/насоки во гимназијата во Делчево бидејќи е факт дека сегашните не се доволно атрактивни за учениците. Доказ за тоа е дека дури и паричната помош/стипендијата за учениците во стручните паралелки не е доволна за да ги задржи учениците тука во нашето средно училиште. Можеби, од страна на Советот на млади и гимназијата треба да се организира некоја трибина на која младите ќе ги искажат своите видувања во однос на тоа каква струка би била интересна за младите.

Р.Стаменковска рече дека отварањето на нова струка не мора да значи укинување на постојните бидејќи тоа би значело престанок на вработувањето на некои колеги професори, но дека треба нова струка-треба, рече таа. Треба преку спроведување на анкета да се направи анализа и да се воведе нова струла, размислувањата на училиштето се во насока на некоја здравствена струка или шпедиција и транспорт, рече таа.

Оливера Ташевска рече дека секако треба да се направи анализа на потребите и барањата на младите и да се отвори нова струка, но ја истакна и потребата од останување на постојните струки.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“ нема и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2022-2023 година

**Дваесет и осма точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за издавање на монографија за село Драмче;**

Оваа точка ја образложи Гоце Попов кој рече дека оваа одлука е изготвена врз основа на доставено барање од авторот Христина Деолска за издавање на монографија за с.Драмче и предложи Советот да донесе одлука за 20.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави сашко Ивановски кој рече дека 20.000 денари се смешна сума за монографија и дека Советот треба да донесе одлука за повисока сума имајќи предвид дека издавањето на монографија е значајна и тешка работа. Досега монографија има издадено само Славчо Десподов и тогаш со препорака на тогашниот градоначалник сите локални институции го помогнале издавањето на монографијата за Делчево. Лично сметам, рече тој дека треба да се направи повик за издавање на монографии за сите села,

а конкретно за оваа монографија да помогнат сите локални институции со тоа што ќе откупат по неколку примероци од истата.

Претседателот на Советот рече можеби сумата е мала, ама Одделението за буџет и финасии предлагаше само 5.000 денари, оваа сума од 20.000 денари е издејствувана бидејќи претходно на библиотеката биле дадени 20.000 денари, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека сумата можеби е мала, но и самиот барател во барањето навел:„во рамките на можностите на Советот", што значи дека нема наведено сума. Лично не верувам дека издавачот нема други средства и чека на тие од Советот, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека точно е дека во барањето не е наведена сумата, а е наведено за што се бараат тие средства-за печатење. Според мене тоа е мала сума на пари и мислам дека не може да ги покрие трошоците за печатење, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делкчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за издавање на монографија за село Драмче;

**Дваесет и деветта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Џамија Султан Фатих Мехмед II Делчево.**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање од Џамискиот одбор за доделување на средства за изведување на некои градежни работи. Такви средства се доделувани од страна на Советот и во претходни години, по претходно доставено барање. Тој предложи сума од 10.000 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Џамија Султан Фатих Мехмед II Делчево.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 13.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 13:50 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов